**ДП. бр.340**

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РМ (подолу како ДК при КИРМ), постапувајќи по Предлогот за поведување на дисциплинска постапка УПП бр.09-49 од 11.01.2013 година на Министерот за правда, во присуство на обвинетиот извршител Ж.П. лично, по одржан претрес, на ден 15.02.2013 година го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

**СЕ ОГЛАСУВА за виновен** Извршител Ж.П. именуван за подрачје на Основен суд во Битола и Основен суд во Ресен со адреса на ул.___________бр.__ Битола за сторена дисциплинска повреда по чл. 54-д став 1 алинеја 5 од Закон за извршување во врска со нејзиното постапување по нејзин предмет И.бр.594/08

ЗАТОА ШТО извршителот постапувајќи по поднесено барање за извршување од ДООЕЛ ________ Битола против должникот В.А. од Битола заведено под И.бр.594/08, заради наплата на парично побарување спровела извршување врз недвижност со продажба на недвижноста со усно јавно наддавање која се наоѓа на ул. _____________ во Битола на КП бр.______ запишана во имотен лист бр._______ за КО Битола-евидентен лист, на која продажба бил опфатен имот кој не бил во сопственост на должникот, односно имот во сопственост на третото лице Х.И.В.

со кои дејствија извршителот Ж.П. од Битола постапил спротивно на чл. 24 од Законот за извршување со што сторил дисциплинска повреда : “ при извршувањето презема дејствија кои не се предвидени или се спротивни на овој закон“ па согласно чл. 54-б став 2 од ЗИ и со примена на правилата на казнено право за вонредно ублажување на казната на извршител Ж.П. од Битола

**и се изрекува** дисциплинска мерка

**ПАРИЧНА КАЗНА**

во висина од 3000 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на РМ на ден на изрекувањето.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** Извршител Ж.П. утврдената парична казна од ова решение да ја плати во рок од 15 дена од приемот на одлуката.

*Образложение*

Предлогот за поведување на дисциплинска постапка УПП.бр.09-49 е поднесен од страна на Министерот за правда против извршителот врз основа на извештај за спроведен вонреден надзор врз работата на извршителот бр.09-428 од 16.05.2012 година. Предлогот се поднесува со наводи дека извршителот Ж.П., сторила дисциплинска повреда по чл. 54-д став 1 алинеја 5 од ЗИ: “ при извршувањето презема дејствија кои не се предвидени или се спротивни на овој закон“

Предлагачот наведува дека извршителот постапувајќи по поднесено барање за извршување од ДООЕЛ _________ Битола против должникот В.А. оформил предмет И.бр.594/08 и за наплата на парично побарување спровела извршување врз недвижност која се наоѓа на ул. ___________ во Битола на КП бр._______ запишана во имотен лист бр._________ за КО Битола, со продажба на недвижноста со усно јавно наддавање на која продажба бил опфатен имот кој не бил во сопственост на должникот .

Извршителот во своја одбрана на главен претрес и во писмен одговор од 28.01.2013 година наведе дека по повод барање за извршување врз основа на извршна исправа пресуда П.бр.726/97 од 18.05.1998 година спрема должник В.А. спровел извршување спрема недвижност и издал налог за извршување И.бр.594/08 по чл.154 на ден 15.02.2010 година кој бил доставен до должникот и АКН на 17.02.2010 година. Должникот по прием на налогот приговарал со наводи дека доверителот не постои по кој приговор основниот суд налогот на извршителот го ставил вон сила и дал напатствија на извршителот да утврди дали постои идентитет помеѓу ГЗТП _______ и ДООЕЛ _______ Битола.
Извршителот постапил по напатствија и по добиен договор за отстапување на побарување од ГЗТП _______ во полза на ДООЕЛ _______ Битола продолжил со извршување. На ден 05.03.2010 година извршителот добил известување дека во налогот има стари КП податоци и дека треба да се наведат нови КП податоци.
На ден 13.03.2011 година извршителот издал налог за извршување И.бр.594/08 во кој како доверител е наведен ДООЕЛ _______ Компани Битола и се наведени нови КП броеви и налогот бил доставен до АКН. Катастарот не доставил никакво известување по приемот на налого па извршителот согласно чл. 169 ст.1 и чл. 172 ст.1 од Законот за катастар на недвижности сметал дека промената е извршена и продолжил со понатамошни дејсвија.
По достава на овој налог должникот приговарал против идентителот на доверителот и налогот бил ставен вон сила. Извршителот на ден 18.05.2010 година изготвил нов налог за извршување по чл. 154. На овој налог повторно приговарал должникот кој приговор бил одбиен, по што извршителот определил со заклучок вешто лице и после неколку приговори од должникот кли сите биле одбиени извршителот издал Заклучок за усна јавна продажба на 13.12.2010 година. Откако првата продажба била неуспешна, била закажана втора, а во меѓувреме судот со решение го одложил извршувањето за 90 дена. На ден на закажана втора усна јавна продажба извршителот примил жалба па го одложил извршувањето со цел да почека исходот од жалбата. Извршителот по прием на одлука на второстепен суд продолжил со извршување и на ден 15.09.2011 година одржала усна јавна продажба на која како најповолен купувач се јавува И.Т. на кој му била продадена недвижноста. На ден 26.09.2011 година должникот приговарал дека со продажбата бил опфатен и имот кој не негова сопственост а кој по грешка на катастарот бил заведен на негово име.
Извршителот по извршени проверки на ден 01.10.2011 година со заклучок ја огласил продажбата за неважечка. По што на ден 19.10.2011 година Апլационот суд со решение го ставил заклучокот за втора продажба вон сила. Извршителот наведе и дека по повод сите приговори од должникот кои биле со цел да се спречи извршувањето, судот нема констатирано неправилности и никој не бил оштетен од страна на извршителот. Извршителот се повика на Имотен лист бр. ______ - евидентен лист во кој било наведено дека имотот не е изложен а по кој извршителот постапувал и кој и бил издаден од Катастар па му поклонила верба, а од друга страна Агенцијата за катастар на недвижности не и ги вратила налозите на извршителката ниту и било сигнализирано од АКН дека има некаков проблем околу имотот.

Дисциплинската комисија на КИРМ на претрес на ден 11.02.2013 година, ги дозволи и изведе предложените докази, со читање на:

Извештај за извршен надзор УПП.бр.09- 428 од 16.05.2012 година;
Барање за извршување И.бр.594/08 од 30.04.2008 година;
Пресуда П.бр.726/97 од 18.05.1998 година на Основен суд Битола;
Налог за извршување И.бр.594/08 од 15.02.2010 година на изршител Ж.П.од Битола;
Записник И.бр.594/08 од 15.09.2011 година на изршител Ж.П. од Битола;
Решение ППНИ.бр.631/11 од 04.10.2011 година на изршител Ж.П. од Битола;
Поднесок на ППНИ.бр.576/11 од 01.10.2011 на изршител Ж.П. од Битола;
Решение ГЖ.бр.2730/11 од 10.10.2011 година на Апелационен суд Битола;
Имотен лист бр. _______ -евидентен лист АКН Одделение Катастар Битола од 10.08.2010 година.

Дисциплинската комисија на КИРМ, ценејќи ги сите докази одделно и во целост, заедно со наводите изнесени во Предлогот на Министерот за правда, одбраната на извршителот, врз основа на слободно убедување, ја утврди следната фактичка положба:

На ден 30.04.2008 година извршителот примил барање за извршување поднесено од ДООЕЛ ________ Битола, врз основа на извршна исправа Пресуда на Основниот суд Битола П.бр.726/97 од 18.05.1998 година со која должникот В.А. е задолжен да му исплати на доверителот ГЗТП ______ Битола на име долг износ од ________,00 денари со камата од 15.11.2005 година до исплатата како и да му ги надомести трошоците во постапката во износ од ________,00 денари со камата.

Постапувајќи по барањето за извршување извршителот изготвил Налог за извршување врз недвижност ( врз основа на член 154 од Законот за извршување ) од 15.02.2010 година со кој се спроведува извршување врз недвижноста на должникот В.А. означена како КП _____, дуќан на ул. _________ од ____ м2 во Битола запишана во поседовен лист бр._______ при Агенција за катастар на недвижности – Битола. Извршителот налогот за извршување го доставил до должникот и до Агенцијата за катастар на недвижности.

Должникот на овој налог поднел приговор со наводи дека сега доверителот не постои, туку станува збор за сосема ново правно лице кое немало никакви должничко – доверителски односи со должникот. Со Решение на Заменик претседателот на Основниот суд во Битола ППНИ.бр.бр.118/10 од 09.03.2010 година приговорот поднесен од должникот В.А. од Битола е усвоен и Налогот за извршување И.бр.594/08 од 15.02.2010 година на извршителот Ж.П. од Битола е ставен вон сила со напатствија дека извршителот пред да продолжи со извршувањето треба да утврди дали постои идентитет помеѓу ГЗТП _______ Битола и ДООЕЛ _______ Битола.

На ден 23.02.20101 година доверителот со поднесок му доставил на извршителот Договор за отстапување на побарување склучен на ден 22.02.2010 година помеѓу Друштво за производство, градежништво, занаетчиство, трговија и услуги ______ увоз – извоз ___________

ДООЕЛ Битола како отстапувач на побарувањето и Друштво за производство,трговија и услуги __________ДООЕЛ Битола како примач на побарувањето.

На ден 05.03.2010 година извршителот примил известување од Агенцијата за катастар на недвижности на РМ дека од 01.02.2010 година во сила е нов премер за КО Битола 4 со кој наведената парцела има добиено нов број, поради што е потребно извршителот да изврши исправка на Налогот за извршување И.бр.594/08 од 15.02.2010 година и да се наведат новите податоци како би можело да се стави бараната прибелешка.

Извршителот изготвил нов Налог за извршување ( врз основа на член 154 од Законот за извршување ) од 11.03.2010 година со кој се спроведува извршување врз недвижноста на должникот означена како КП.бр._______ стар број и нов КП ______ дуќан на ул. _________ во Битола, запишана во поседовен лист бр.________, а сега во имотен лист бр.________ при Агенцијата за катастар на недвижности Битола. Извршителот го доставил налогот за извршување до Агенцијата за катастар на недвижности на РМ –Битола и до должникот.

Должникот поднел приговор против Налогот за извршување врз недвижност И.бр.594/08 од 11.03.2010 година кој со Решение на Претседателот на Основниот суд Битола ППНИ.бр.183/10 од 25.03.2010 година е одбиен како неоснован, а Налогот за извршување врз недвижност И.бр.594/08 од 11.03.2010 година останал во сила. Со Решение на Апелациониот суд Битола ГЖ.бр.1399/10 усвоена е жалбата на должникот, Решението на Претседателот на Основниот суд Битола ППНИ.бр.183/10 од 25.03.2010 година е преиначено и Налогот за извршување врз недвижност И.бр.594/08 од 11.03.2010 година бил ставен вон сила, со образложение дека предметниот договор за отстапување на побарување во конкретниот случај не претставува нотарска извршна исправа, бидејќи за таква е потребно постоење на нотарски акт, а предметниот договор за отстапување нема такво својство, како и клаузула на извршност и истиот не може да има правно дејство према должникот што значи дека не го обврзува должникот.

На ден 18.05.2010 година извршителот повторно изготвил Налог за извршување врз недвижност ( врз основа на член 154 од Законот за извршување ) со кој се спроведува извршување врз недвижноста на должникот означена како КП _______ дуќан на ул. __________ во Битола во површина од 108 м2, запишана во поседовен лист бр._______, при Агенцијата за катастар на недвижности во Битола. Извршителот го доставил Налогот за извршување до Агенцијата за катастар на недвижности на РМ- Битола и до должникот.

На овој налог за извршување должникот повторно поднел приговор кој со Решение на Претседателот на Основниот суд Битола ППНИ.бр.319/10 е одбиен како неоснован, а Налогот за извршување врз недвижност И.бр. 594/08 од 18.05.2010 година останал во сила, со образложение дека правниот субјект кој се јавува како доверител е активно легитимиран и

истиот основано поднел барање за извршување. На ден 01.07.2010 година со Решение ГЖ.бр.2203/10 на Апелациониот суд во Битола првостепеното решение е потврдено.

На ден 10.08.2010 година извршителот донел Заклучок за определување на вешто лице кое ќе врши проценка на недвижноста, врз основа на кој заклучок вештото лице С.И. изготвило проценка според која вредноста на недвижноста е проценета на износ од ________,00 денари.

На ден 21.08.2010 година извршителот донел Заклучок за утврдување на вредност на недвижност врз основа на наодот и мислењето на вештото лице С.И. со кој вредноста на недвижноста ја утврдил на износ од __________,00 денари како почетна цена за продажба на недвижноста.

Со Решение на Претседателот на Основен суд Битола ППНИ.бр.556/10 од 14.10.2010 година приговорот поднесен од должникот против Заклучокот за утврдување на вредност на недвижност И.бр.594/08 од 21.08.2010 година е отфрлен како недозволен, а приговорот поднесен од должникот против Налогот за извршување врз недвижност И.бр.594/08 од 18.05.2010 година е отфрлен како пресудена работа . Со Решение на Апелациониот суд во Битола ГЖ.бр.3123/10 од 09.11.2010 година Решението на Претседателот на Основен суд Битола ППНИ.бр.556/10 од 14.10.2010 година во ставот 1 е укинато и предметот е вратен на првостепениот суд на повторно одлучување.

Со Решение на Претседателот на Основниот суд во Битола ППНИ.бр.674/10 од 22.11.2010 година приговорот поднесен од должникот против Заклучокот за утврдување на вредност на недвижност И.бр.594/08 од 21.08.2010 година е одбиен како неоснован. Со Решение на Апелациониот суд во Битола ГЖ.бр.3664/10 од 11.01.2011 година, Решението на Претседателот на Основниот суд во Битола ППНИ.бр.674/10 од 22.11.2010 година е укинато, а приговорот поднесен од должникот против Заклучокот за утврдување на вредност на недвижност е отфрлен како ненавремен.

На ден 13.12.2010 година извршителот донел Заклучок за усна јавна продажба со кој определил продажбата со усно јавно наддавање на недвижноста означена како КП.бр._______ на ул. ___________, запишана во Имотен лист бр.______ за КО Битола.

На ден 10.01.2011 година извршителот одржал прва продажба со усно јавно наддавање за продажба на недвижноста предмет на извршување на која не се пријавиле заинтересирани купувачи.

На ден 24.01.2011 година извршителот донел Заклучок за утврдување на вредност на недвижност со кој вредноста е утврдена __________,00 денари, како почетна цена за продажба на недвижноста на второто усно јавно наддавање. На ден 24.01.2011 година извршителот донел Заклучок за втора усна јавна продажба.

На ден 11.02.2011 година должникот поднел до Основниот суд Битола барање за одлагање на извршувањето. Со Решение на Претседателот на Основниот Битола ППНИ.бр.109/11 од 14.02.2011 година барањето за одлагање на извршувањето по предмет И.бр.594/08 е усвоено, а извршувањето било одложено за 90 дена.

Извршителот ја одложил втората продажба на недвижност со усно јавно наддавање закажана за 15.02.2011 година за период од 90 дена.

На ден 31.05.2011 година извршителот изготвил Заклучок за втора усна јавна продажба. На овој заклучок должникот повторно поднел приговор кој со Решение на Претседателот на Основниот суд Битола ППНИ.бр.369/11 од 22.06.2011 година е одбиен како неоснован, кое е потврдено со Решение на Апелациониот суд Битола ГЖ.бр.1874/11 од 07.07.2011 година.

Видно од Записникот за продажба на недвижност со усно јавно наддавање од 29.06.2011 година извршителот го одложил усното јавно наддавање, со образложение дека на денот на продажбата 29.06.2011 година до извршителот била доставена жалба на Решението на Претседателот на Основниот суд Битола ППНИ.бр.369/11 поднесена од судот на ден 29.06.2011 година, поднесок од должникот како и предлог за издавање на привремена мерка поднесен до судот на ден 29.06.2011 година.

Со Решение на Основниот суд Битола ВПП.бр.2-57/11 од 06.07.2011 година одбиено е како неосновано барањето од должникот В.А. за издавање на привремена мерка за прекинување на извршувањето кое се води кај извршител Ж.П. од Битола по предметот И.бр.594/08 до завршување на постапката по предметот К.бр.293/11 пред Основниот суд Битола и предметот Ро.бр.116/11 пред Јавното Обвинителство на РМ.

На ден 26.08.2011 година извршителот повторно донел Заклучок за втора усна јавна продажба на недвижноста. Должникот и на овој Заклучок поднел приговор кој со Решение на Претседателот на Основниот суд Битола ППНИ.бр.576/11 од 14.09.2011 година е одбиен како неоснован.

На ден 15.09.2011 година извршителот одржал втора продажба со усно јавно наддавање на која недвижноста му била продадена на најповолниот купувач Т.И. кој понудил цена во износ од _________,00 денари.

Со Решение на Апелациониот суд Битола Гж.бр.2730/11 од 10.10.2011 година преиначено е Решението на Претседателот на Основниот суд Битола ППНИ.бр.576/11 од 14.09.2011 година, усвоен е приговорот од должникот и утврдени се неправилности при извршувањето, така што Заклучок за втора усна јавна продажба на недвижноста од 16.08.2011 година е ставен вон сила, со образложение дека предметниот заклучок за втора усна јавна продажба се однесува на недвижност која не е во врска со извршувањето против должникот,

односно дека наместо имотот на должникот е опфатен имот на друго лице, па продажбата по овој заклучок е неважечка.

СО Решение на Претседателот на Основниот суд Битола ППНИ.бр.604/11од 27.09.2011 година приговорот поднесен од должникот против пресметката на каматата како споредно побарување изготвена од извршителот Ж.П. е одбиен како неоснован, потврдено со Решение на Апелациониот суд во Битола Гж.бр.2889/11 од 09.11.2011 година.

Должникот поднел приговор против Заклучокот за продажба на недвижност со усно јано наддавање од 15.09.2011 година кој со Решение на Претседателот на Основниот суд Битола ППНИ.бр.617/11 од 27.09.2011 година е одбиен како неоснован.

На ден 01.20.2011 година извршителот донел Заклучок за огласување на продажбата за невежечка, во кој наведува дека по доставениот приговор од должникот ППНИ.бр.631/11 од 26.09.2011 година утврдил дека поради погрешна евиденција во Агенцијата за катастар на недвижности со продажбата по грешка бил опфатен имот и на лицето В.И.Х. кое немало никаква врска со извршувањето.

Должникот поднел приговор против Записникот за втора продажба на недвижност со усно јавно наддавање од 15.09.2011 година, кој со Решение на Претседателот на Основниот суд Битола ППНИ.бр.631/11 од 04.10.2011 година е усвоен. Претседателот на судот не го ставил вон сила Записникот за втора усна јавна продажба, од причина што продажбата од страна на извршителот била огласена за неважечка.

Дисциплинската комисија одлучувајќи по повод основаноста на предлогот за дисциплинска постапка, утврди дека извршителот Ж.П. со тоа што издала Налог за извршување врз недвижност по чл.154 од ЗИ врз основа на поседовен лист бр._______ на АКН Град Битола, спровела усна јавна продажба без да изврши попис на недвижноста туку поклонувајќи му верба на Имотен лист на АКН бр._______ за КО Битола од 09.08.2010 година, во кој било наведено дека предметниот имот не е изложен, на кој начин извршителот спротивно на закон опфатила со продажбата и дел од имот кој бил во сопственост на трето лице кое не било должник во конкретниот случај со што сторила дисциплинска повреда по чл. 54-д став 1 алинеја 5 од ЗИ: “ при извршувањето презема дејствија кои не се предвидени или се спротивни на овој закон“.

Дисциплинската комисија при определување на видот и висината на дисциплинската санкција ги ценеше сите олеснителни и отежнителни околности, а пред се олеснителната околност дека на извршителот досега не му е изрекувана дисциплинска мерка, а како отежнителни околности тежината на дисциплинската повреда и предизвиканата правна несигурност за странките, па во склоп на истите ја одмери дисциплинската мерка.

Дисциплинската комисија смета дека со ваквата дисциплинска мерка ќе се постигнат целите на генералната и специјалната превенција.

Дисциплинската Комисија при КИРМ на ден 15.02.2013 година согласно чл. 59, чл. 59-б став 1 и став 2, чл. 59-в став 1 алинеа 3 од Законот за извршување (Сл. Весник на Р. Македонија бр.35/05, од 18.05.2005 год. 50/06, 129/06, 8/08, 83/09 50/10, 83/10, 88/10 и 171/10) одлучи како во изреката на ова решение.

Согласно чл. 54-б став 2 в.в со чл. 61 ст.2 од ЗИ се задолжува обвинетиот извршител Ж. П. од Битола да плати на име парична казна износ во висина од 3000 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на РМ на ден на изрекување, на сметка на Комората на извршители бр.200002470422279 во Стопанска банка АД Скопје, во рок од 15-дена од прием на одлуката, а под страв на присилно извршување.